**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

Бр. 02- 533/6
Скопје, 16.05.2023 година

# ЗАПИСНИК

**од изборно-конститутивна седница на Собранието на СКМ,**
одржана на ден 16.05.2023 година во х.Континентал

Седницата започна во 12:15 часот и се одржува во просториите на х.Континентал, Скопје, а сгласно чл.4 од деловникот за работа на собранието на СКМ ја отвори највозрасниот делегат од новиот состав на Собранието, д-р Хајрадин Сулејмани, кој првин ги поздрави делегатите, по што им го честиташе изборот и им посака успешен мандат.

Предлог- дневен ред

1. Избор на записничар и двајца заверувачи на записникот;
2. Разгледување на записник од ЦИК за утврдување на резултати од гласањето за избор на членови на регионални одбори и делегати во собрание на СКМ во сите регионални одбори;
3. Разгледување на предлог и избирање на членови на работно председателство;
4. Разгледување на предлог и избор на на членови на верификациона комисија;
5. Верификација на мандати на делегати на собрание на СКМ;
6. Разгледување и избор на председател и двајца заменици на председатл на собрание н СКМ;
7. Избор на председател на СКМ.
8. Разно.

На почетокот на седницата за збор се јави д-р Денковски, со процедурална забелешка, заради измена на предлог-дневниот ред доставен до членовите на Собранието. Д-р Денковски сметаше дека дневниот ред треба да биде составен согласно Деловникот и цитираше одредби од Деловникот за работа на Собранието, при што кажа дека прва точка во дневниот ред треба да биде: *Разгледување и избор на Работно претседателство*, потоа да се избере Верификациона комисија, а по изборот на членови на Верификациона комисија да биде изборот на записничар и заверувачи на записникот итн.

За збор се јави д-р Бисеркоски, кој исто така има забелешки на предложениот дневен-ред и тоа во однос на точката за избор на Претседател на Комората, смета дека треба да се исфрли од дневниот ред.

Д-р Бајрактарова го цитираше член 16 од Деловникот, според кој претседател на Комора се бира по член 35 од Статутот, а Статутот е над сите акти.

Д-р Стојанов истакна дека согласно член 35 од Статутот на СКМ предлозите за Претседател на Комората се поднесуваат од момент на верификација на мандатите и најдоцна за 21 ден, а согласно член 35 од Деловникот за работа на Собранието, седницата на која се бираат органите и телата може да заврши со работа во еден ден и напомена дека истото во пракса се има и порано случено и како поткрепа приложи записник од изборно-констутативна седница од избор на д-р Владимир Поповски за Председател на СКМ од 2014 година, каде изборот е направен во еден ден, и предложи дневниот ред да оди согласно Деловникот за работа на Собранието за изборно-конститутивната седница и истакна дека предлогот на д-р Денковски е токму во согласност со Деловникот.

По оваа претседавачот ја продолжи седницата и согласно член 5 од Деловникот, за членови во Работното председателство ги предложи д-р Борис Стојанов и д-р Томе Пиперевалиев.

Предлогот за состав на Работното председателство се усвои едногласно од страна сите делегати на Собранието.

Согласно член 6 од Деловникот, претседавачот д-р Сулејмани го утврди бројот на присутните делегати и утврди кворум за работа, по што ги предложи следните членови на Верификациона комисија и тоа: д-р Дејан Ристевски, д-р Имран Жупани и д-р Горанчо Колевски. Д-р Борис Стојанов појасни дека изборот на членови на Верификациона комисија се врши согласно одредбите на член 6 од Деловникот за работа на Собранието, а истата е составена од претседател и двајца членови.

Предлогот на претседавачот за членови на Верификационата комисија беше ставен на гласање и беше усвоен со 32 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 8 ВОЗДРЖАНИ од членовите на Собранието.

По изборот на Верификационата комисија и пред истата да почне со работа, за збор се јави д-р Денковски кој истакна дека има приговор по однос на мандатите на двајца делегати, и тоа за д-р Ќенан Ферати (РО Тетово) и д-р Василка Трендафилова Стрезовска (РО Кисела Вода). Д-р Деновски побара од Верификационата комисија, поради забелешки по однос на регуларноста на мандатот на д-р Ферати, истиот да се провери и дополнително да се разгледа уверението на ЦИК за д-р Ферати, додека за д-р Трендафилова Стрезовска достави документ со датум 15.05.2023 добиен од веб-страната на ДКСК и побара да се разгледа дали д-р Трендафилова-Стрезовска е носител на јавна функција и дали согласно законите во државата, истото ја спречува да е делегат во Собрание на Комората.

Д-р Денковски, исто така, постави прашање до ЦИК за бројот на неговите гласовите во неговиот Регионален одбор, бидејќи смета дека на веб-страна на Комората има грешка по однос на неговите освоени гласови при гласањето во РО Куманово.

По дадените забелешки, претседавачот определи пауза за делегатите на Собраниетои од 15 минути, за да може Верииификационата комисија да започне со работа.

**Верификација на мандати на делегати на Собранието на Комората**

По паузата, првин претседателот на ЦИК д-р Цветановски се извини и одговори на д-р Денковски дека е направена техничка грешка по однос на неговите гласови и дека не му се впишани гласовите од гласачко место Крива Паланка и Кратово, каде имат гласано 8 избирачи со што вкупниот број на гласови за него согласно записниците на РИК и ИО е 56, наместо 48.

По ова, д-р Дејан Ристески во име на Верификационата комисија, согласно член 7 од Деловникот, го презентираше Извештајот на Комисијата и прво истакна дека Комисијата го разгледала Извештајот на ЦИК и утврдила дека за 49 делегати на Собранието уверенијата не се спорни. За двајца членови на Собранието, претседателот на Комисијата предложи да се одложи верификацијата на мандатите до одржување на продолжение на изборно-конститутивната седница, доколку е прекината или до првата наредна редовна собраниска седница, со цел ЦИК да ги изврши потребните дополнителни согледувања заради кои се оспорува верификацијата на нивните мандати. Верификационата комисија предложи да се донесе Одлука да предложи на Собранието да се верификацираат мандати на 49 делегати, а согласно Деловникот, делегатите за кои е оспорена верификацијата на мандатот имаат право да учествуваат во работата на Собранието, без право на глас.

По презентирање на Извештајот на Верификационата комисија неколку членови на Собранието се јавија за збор и се отвори дискусија, по што по завршување на дискусијата членот на Работното претседателство д-р Стојанов, овластен од претседавачот д-р Сулејмани, согласно член 8 од Деловникот го стави на расправа Извештајот на Верификационата комисија.

За збор се јави д-р Трендафилова Стрезова, која првично изјавуваше дека се работи за друга личност и дека не се работи за неа, истакна дека сега е спремна и сака да даде изјава дека била, но повеќе не е член на спомнатиот Управен одбор, со што нема пречка за верифицирање на нејзиниот мандат. По дискусија во која учествуваа повеќе членови на Собранието, д-р Стојанов го повтори член 9 од Деловникот за работа на Собранието и побара да се верификуваат мандатите на 49 делегати, согласно Извештајот на Верификационата комисија. Расправата по однос на оспорените мандати продолжи, по што за збор се јави д-р Шушак и предложи, со оглед на аргументите изнесени од делегатите чии мандати беа оспорени и продолжување на седницата во колегијален дух, и на двајцата колеги да им се верифицират мандатите. По предлогот на д-р Шушак и исцрпување на расправата согласно член 8, претседателот на Верификационата комисија побара кратка пауза за да се состане Верификационата комисија.

По кратката пауза, Верификационата комисија му предложи на Собранието во пакет да се верификуват мандатите на сите 51 делегат, земајќи ги во предвид изјавите на двајцата делегати со оспорен мандат.

По донесениот став на Верификационата комисија, претседавачот го стави на гласање предлогот на Верификационата комисија да се верификуваат мандатите на сите 51 делегат и истиот предлог беше усвоен со 38 гласа ЗА и 7 гласа ПРОТИВ.

По носењето на оваа одлука на гласање се стави верификацијата на мандатите за сите 51 делегати заедно, а делегатите со 40 гласа ЗА и 6 гласа ПРОТИВ се изјаснија за верификацијата, со што Собранието донесе Одлука дека на:

1) ДИМИТАР МАЛЕШЕВСКИ
2) ДЕЈАН РИСТЕВСКИ
3) ЗОРАН ШУШАК
4) АНДРЕА АНДРЕЕВСКИ
5) ЕМИЦА БОЈКОВСКА
6) ЉУПЧО ХАЏИ-ПОПОВСКИ
7) ТРАЈАН НИКОЛОВ
8) КОНСТАНТИН ГЕТОВ
9) НАЗМИ ФЕРАТИ
10) ИМРАН ЖУПАНИ
11) АГРОН ПАШОЛИ
12) АНА СОТИРОВСКА
13) МИЛАН ЛАМЕСКИ
14) МАРЈАН ПАСКОВ
15) ХАЈРАДИН СУЛЕЈМАНИ
16) ТАШЕ ДИМИТРИЕСКИ
17) ОЛИВЕР МАНАСИЕВ
18) МАРИЈАН ДЕНКОВСКИ
19) СНЕЖАНА СТОЈМАНОВСКА
20) ГОРАНЧО КОЛЕВСКИ
21) АРБЕН АСАНИ
22) ГОРАН ЗЛАТАНОСКИ
23) ЗОРАН ЦЕЛАКОСКИ
24) АНА ЧКРИПЕСКА ТРЕНКОСКА
25) БЛАГОЈА БИСЕРКОСКИ
26) ВЕЛКО ПАПАКОЧА
27) МАРИНА ПРЕНТОВСКА
28) ЕРМИР ЗИБА
29) КОСТА ИЗОВ
30) ТОМЕ ПИПЕРЕВАЛИЕВ
31) ДЕНИС БАФТИЈАРИ
32) СЕДАТ АЛИУ
33) ФАТМИР АХМЕДИ
34) БОБАН АНТОСКИ
35) ЌЕНАН ФЕРАТИ
36) ЃОРЃИ НИКОВ
37) БОРИС СТОЈАНОВ
38) ЈУЛИЈАНА НИКОЛОВСКА
39) ЕДВАРД ЈАНЕВ
40) ЦВЕТАНКА БАЈРАКТАРОВА МИШЕВСКА
41) КРИСТИНА МИТИЌ
42) АРБЕН ЕМИНИ
43) АНЕТА МИЈОСКА
44) ВАСИЛКА ТРЕНДАФИЛОВА-СТРЕЗОВА
45) ЉУБА СИМЈАНОВСКА
46) БЛАГОЈА ДАШТЕВСКИ
47) ГОРАН МИШЕВСКИ
48) БИЛЈАНА ВИТАНОВА-ДИМИТРИЕВСКА
49) АМЕЛА ЦАНА
50) АКЃУЛ ОМЕРАГИЌ
51) ЗОРАН НУНЕВ

им се верификуваат мандатите, по што по читањето на Свечената изјава и потпишување на истата од страна на сите делегати, Собранието продолжи со работа согласно Деловникот.

Согласно член 11 од Деловникот, претседавачот предложи предлог дневен ред:

1. Избор на записничар и двајца заверувачи на записникот;
2. Избор на прдседател на собранието и двајца потпреседатели на Собранието од редот на делегати со верифициран мандат.
3. Разгледување на предлози и избор на Претседател на Комора.

1. За записничар беше предложен вработен во Стручната служба на Комората - Ана Ангелеска, а претседавачот ги предложи д-р Коста Изов и д-р Агрон Пашоли за заверувачи на записникот.

Предлогот за избор на записничар и заверувачи беше едногласно усвоен со 51 гласа ЗА од делегатите.

2. Разгледување на предлози и избор на претседател на Собранието и двајца потпретседатели на Собранието;

По однос на оваа точка, претседавачот истакна дека за претседател на Собранието е предложен д-р Борис Стојанов, кој добил писмена поддршка од 32 делегати. Предлогот за избор на претседател на Собранието беше ставен на гласање, а д-р Борис Стојанов беше избран за претседател на Собранието со 48 гласа ЗА и 2 гласа ПРОТИВ.

Д-р Стојанов во својот говор пред делегатите истакна дека во неговиот мандат како претседател на Собранието ќе се залага за доследно спроведување на Статутот на Комората, Деловникот за работа на Собранието и другите акти на Комората во работењето и одржувањето на седници на Собранието.

Претседателот на Собранието за негови заменици ги предложи д-р Ермир Зиба и д-р Томе Пиперевалиев, а предлогот едногласно беше усвоен од сите делегати на Собранието, по што Претседателот на Собранието даде пауза од 30 мин.

3. Избор на Претседател на Стоматолошката комора на Македонија;

После подолгата пауза, претседателот на Собранието истакна дека седницата ќе продолжи согласно член 14 од Деловникот за работа на Собранието до избор на Претседателот на Комората. Претседателот на Собранието го цитираше член 35 од Деловникот за работа на Собранието, а потоа му даде збор на претседателот на ЦИК, д-р Ненад Цветановски, кој истакна дека до него од архивата е доставен писмен предлог за кандидат за Претседател на Комората, поддржан со потписи од 35 делегати со верификуван мандат, но д-р Стојанов, Претседателот на Собранието, по најава дека се подготвува и друга кандитура за Претдседател на Комората определи дополнителна пауза од 30 мин.

После паузата, преку архивата, до ЦИК, беше доставен и втор предлог за кандидат за Претседател на Комората, доставен од три Регионални одбори на Комората и тоа: РО Аеродром, РО Центар и РО Карпош, кои за Претседател на Комората ја предлагаат проф. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска.

ЦИК по увид во доставените кандидатури ги прифати истите како регуларни, по што согласно актите, кандидатите за Претседател на Комората пред присутните делегати ја претставија својата програма за работа за наредниот мандат, доколку бидат избрани на функцијата, по што согласно член 17 од Деловникот, ЦИК го подготви гласачкиот материјал и се пристапи кон тајно гласање за предложените двајца кандидати за Претседател на Комората и тоа: д-р Маријан Денковски и д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска.

По започнатото гласање, од страна на делегатите се интервенираше дека гласањето не е во ред поради тоа што на гласачките ливчиња има реден број, што го доведува во прашање тајноста на гласањето, ЦИК го прекина гласањето. По утврдување на пропустот, за кој претседателот на ЦИК, д-р Цветановски изјави дека е крајно ненамерна техничка грешка, како на службата така и на ЦИК и за истото се извини на делегатите, употребените ливчиња се поништија и уништија, по што следеше пауза за повторно изготвување на нови гласачки ливчиња.

Откако се изготвија нови гласачки ливчиња, ЦИК повторно го започна гласањето и откако сите делегати со верифициран мандат беа повикани да гласаат, по завршување на гласањето, членовите на ЦИК ја отворија гласачката кутија и во присуство на сите делегати и кандидатите за Претседател на Комората, јавно, почнаа со броење на гласачките ливчиња и утврдување на резултатите од гласањето.

Пребројувањето на гласачките ливчиња и утврдувањето на резултатите се одвива јавно пред присутните делегати, во присуство и на кандидатите, при што се утврди следното:

- неупотребено гласачко ливче има едно (кое било испечатено како вишок);

Според избирачкиот список гласале сите 51 делегат:

- во гласачката кутија преброени се вкупно 51 гласачко ливче;
- нема неважечки гласачки ливчиња,
  а се утврди и бројот на гласови по кандидат и тоа:
  д-р Маријан Денковски освоил 30 гласа,
  д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска освоила 21 глас.

Според Извештајот на ЦИК кој го презентираше претседателот д-р Цветановски, по завршување на гласањето и утврдувањето на бројот на гласови, согласно бројот на добиени гласови, за Претседател на Комората е избран кандидатот д-р Маријан Денковски, кој освоил мнозинство гласови од вкупниот број делегати на Собранието со верифициран мандат.

Претседателот на Собранието д-р Стојанов, согласно член 21 од Деловникот за работа на Собранието, го објави резултатот од гласањето и го прогласи изборот на д-р Маријан Денковски за Претседател на Комората за мандатниот период 2023-2028 година, по што на Собранието се обрати д-Бајрактарова Мишевска која му ја честиташе победата на д-р Денковски и му посака успех и среќа во работата. По неа се обрати д-р Денковски, кој се заблагодари на д-р Бајрактарова Мишевска на честитката, но се обрати и на сите делегати кои гласале за него и истакна дека како досегашен претседател веднаш продолжува со работа, без изговор дека треба време за прилагодување на фунцијата.

Откако беа исцрпени сите точки од дневниот ред, Претседателот на Собранието ја прекина изборно-конститутивната седница на Собранието во 17:16 часот, а продолжението на седницата дополнително ќе биде закажано.

*Записничар,*
м-р Ана Ангелеска_____________

*Заверувачи на записникот:*
1. Д-р Коста Изов ____________________
2. Д-р Агрон Пашоли ____________________

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Претседател на Собрание,
д-р Борис Стојанов

М.П. ________________________

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË SHKUP СКОПЈЕ

**Содржината на овие работни материјали е од интерен карактер за членовите на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија и се однесуваат исклучиво на примателите.*